Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08. 167/10 и 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 78 точка 8 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија Бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука ја утврди,

# ПРОГРАМАТА ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

## 1. Појдовни основи за изготвување на Програмата

Основното училиште презема активности за унапредување на добросостојбата на учениците и напредување согласно воспитно-образовните цели и очекуваните резултати пропишани во наставните програми. И покрај тоа определен број ученици, од различни причини, во текот на учебната година манифестираат однесување што не е во согласност со воспоставениот кодекс на однесување или не го постигнуваат оној успех што, согласно нивните способности, би можеле да го постигнат. За тие ученици и нивните родители/старатели, училиштето обезбедува посебен вид поддршка преку фокусирана работа. При тоа, особено е значајна советодавна работа на стручните соработници со ученици и родители/старатели.

Овој вид на поддршка на учениците и родителите е регулиран со член 76 и 77 од Законот за основно образование и се реализира според Програма за советување на ученици и родители, односно старатели, донесена од Министерот за образование и наука.

### 1.1 Стручни основи за изготвување на Програмата

Соработката на училиштето со родителите/старателите е значаен фактор за социо-емоционалниот развој на учениците и формирање позитивен став кон училиштето и учењето. Резултатите од бројни истражувања[1] покажале дека високото ниво на учество и ангажирање на родителите во воспитно-образовниот процес позитивно корелира со подобрувањето на академските постигања, повисокото ниво на успех во учењето,

[1] Deslandes, 2005; Epstein, 1995, 2001; Epstein & Salinas, 2004; Ferguson et al., 2008; Henderson & Mapp, 2002; HooverDempseyet al., 2005; Radu, 2011; Wright & Stegelin, 2003; Xu & Filer, 2008

позитивните ставови на ученикот[2] кон училиштето, повисоко ниво на нивните образовни аспирации, подобрување на социјалните вештини на учениците. Врз основа на ваквите резултати и искуства, градењето и негувањето на партнерски релации со родителите/старателите е вградено во начелата на кои се заснова основното образование во Република Северна Македонија.

Родителите/старателите се вклучени во повеќе области од работата на училиштето, од креирање на училишните политики и управување, до донесување заеднички одлуки поврзани со учењето на нивното дете. Соработката со родителите се планира со Програма за соработка со родители која е дел од Годишната програма за работа на училиштето. Таа вклучува информирање за учењето, напредокот, редовноста и поведението на нивното дете и едукација и поддршка на родителите/старателите за нивната родителска улога, како и за развојот и добросостојбата на детето.

Соработката со родителите/старателите е дел од работата на воспитно-образовниот кадар. Наставниците, стручните соработници и директорите поседуваат компетенции таа соработка професионално да ја организираат и реализираат. [3]

## 1.2 Нормативни основи за изготвување на Програмата

Определбата за обезбедување на добросостојба и напредување на сите ученици е содржана во сите клучни нормативни документи за основното образование. Советувањето на родителите/старателите конкретно е регулирано со Законот за основно образование. Во Законот[4] се регулирани постапката, начинот на советување и кои родители/старатели се упатуваат на советување. Според Законот министерот за образование донесува Програма за советување на ученици и родители/старатели на

---

[2] Во понатамошниот текст, заради рационалност на текстот, терминот ученик ќе се користи за двата рода

[3] Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Сл. весник на РСМ, бр. 161од 5.08.219, Правилник за професионални компетенции за директор на основно училиште https://mon.gov.mk/stored/document/Pravilnik%20za%20profesionalni%20kompetencii%20za%20direktor%20na%20osnovno%20uciliste.pdf

Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја https://mon.gov.mk/stored/document/06_Pravilnik-za-osnovni-profesionalni-kompetencii-za-nastavnici_18_02_20....pdf

Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта https://mon.gov.mk/stored/document/07_Pravilnik-za-osnovni_kompetencii_strucen_sorabotnik_13_02_2020.pdf

4 Закон за основно образование, Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 161, 5 август 2019, чл. 76, 77 и 78

предлог на Педагошката служба. Во Законот за педагошка служба се уредени надлежностите на Педагошката служба поврзани со советувањето на родителите[5].
Во Концепцијата за основно образование,[6] во делот „Обезбедување инклузивност“ е нагласено дека основното образование е осмислено и организирано така да обезбеди запишување, вклучување и завршување на основното образование на сите деца, систематски да се следи напредувањето на сите ученици и да се води грижа „ниту едно дете да не изостане“.

Според Законот за Просветна инспекција Државниот просветен инспекторат е надлежен за интегрална евалуација на воспитно образовните установи која ја опфаќа севкупната работа на училиштата[7] Во документот „Индикатори за квалитетот на работата на основните училишта“, содржани се индикатори кои се однесуваат на поддршката на учениците што не ги постигнуваат воспитно-образовните цели и на советувањето на родителите/ старателите. Тие првенствено се содржани во Подрачје 2 – Постигнување на учениците и се однесуваат на задржување/осипување на учениците и во Подрачје 5 – Училишна клима и се однесуваат на училишната клима и односите во училиштето[8].

Советувањето на родителите/старателите го реализира училишниот психолог. Доколку во училиштето нема вработено психолог, советувањето може да го реализира училишниот педагог, согласно неговите компетенции.

## 1.3 Цел на програмата

Програмата за советување на ученици и на родители/старатели има за цел да се унапреди добросостојбата на учениците и да им се помогне да ги постигнат резултатите од учење предвидени со наставните програми, преку континуирана поддршка на учениците и соодветно вклучување на родителите/старателите. Ефектите од советувањето ќе се манифестираат преку подобрување на редовноста во наставата, на успехот и на поведението.

---

[5] Закон за Педагошка служба, чл.4, Службен весник на РМ бр. 18/2011, 41/2014, 55/2016 и 64/2018

6 Концепција за основно образование, донесена со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021, https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

[7] Закон за Просветната инспекција, Сл. весник на РМ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013 и 137/2014

8 Индикатори за квалитетот на работата на основните училишта, ДПИ, 2019, https://dip.gov.mk/integralna-evaluaczija/indikatori-za-kvalitetot-na-vospitno-obrazovniot-proczes-vo-osnovnite-i-srednite-uchilishta/

## 1.4 Ученици и родители/старатели со кои се спроведува советување

Училиштата редовно го следат учењето, напредокот, однесувањето и редовноста на сите ученици. На тој начин се придонесува да се обезбеди стимулативна средина за нивно напредување и добросостојба. За некои ученици потребна е поинтензивна поддршка која вклучува и советување на учениците и на нивните родители/старатели. Советувањето на родителите/старателите се однесува на родители/старатели и нивните деца кои имаат потреба од дополнителна поддршка во однос на училишниот успех и напредување, на редовноста и/или однесувањето. Професионална обврска и општествена определба е секој од тие ученици да добие соодветна поддршка за оптимален академски напредок и социоемоционален развој. Затоа, советувањето на родителите/старателите на тие ученици претставува специфичен вид советување.

Родителите/старателите на ученик се повикуваат на советување доколку ученикот:

- нередовно ја посетува наставата од неоправдани причини односно има повеќе од 10 неоправдани изостаноци;
- има незадоволителен успех (три или повеќе слаби оцени на крајот на тримесечјето или полугодието) или значително му опаднал успехот во однос на успехот во претходното тримесечје или во однос на претходната учебна година;
- Манифестира различни форми на несоодветно однесување.

Напоредно со советувањето на родителите/старателите, како неопходен дел од поддршката се реализира и советување со нивните деца, односно со учениците.

Психолозите, односно педагозите реализираат советување со родители/старатели доколку претходните средби на наставниците и раководителите на паралелки со родителите не довеле до подобрување на состојбата.

Советување на ученици и на родители/старатели може да се организира и по иницијатива на училишниот психолог/педагог, или по барање на родител/старател.

## 2. Принципи на работа

Со цел успешно и целисходно советување на ученици и родители/старатели, неопходно е психолозите/педагозите што го реализираат советувањето да поседуваат соодветни компетенции и да се водат од определени принципи.

**Најдобар интерес на ученикот** - Психолозите/педагозите при изборот на соодветни активности за поддршка за учениците и родителите/старателите секогаш се водат од најдобриот интерес на ученикот, во согласност со Конвенцијата за заштита на правата

на детето[9]. Во ситуации кога интересот на учениците се судира со интересите на возрасните, при советувањето се раководат од она што е во најдобар интерес за ученикот.

**Навременост** – Психолозите/педагозите сметаат дека навремената интервенција во работата со ученици и родители/старатели може да даде соодветни резултати, пред проблемите со учењето и однесувањето да ескалираат. Затоа, тие настојуваат во училиштата да се воспостави систем за превенирање на нередовноста, неуспехот и несоодветното однесување на учениците и да се воспостави редовна комуникација со раководителите на паралелките и другите вработени во училиштето. Целта на ваквиот пристап е намалување на бројот на ученици за кои треба да се организира советување, односно навремено решавање на одредени проблеми со кои се соочуваат учениците во воспитно-образовниот процес. Советувањето на учениците и родителите/старателите во случаи кога се работи за акутен проблем го реализираат што е можно побрзо по воочувањето на проблемот.

**Фокусираност на проблемот** – Во советувањето на родителите/старателите и учениците, психолозите/педагозите се фокусираат на актуелната состојба за чие решавање се реализира советувањето. Проблемот може да биде акутен (на пр. сериозен инцидент во нарушување на куќниот ред) или хроничен (на пр. често неоправдано отсуствување од настава). Тие се убедени дека само фокусирање на конкретниот проблем, во определен подолг или покус период, на сите вклучени во советувањето може да даде најдобри резултати.

**Темелност и познавање на семејниот контекст** – Психолозите/педагозите сметаат дека темелната процена на состојбата и на семејниот контекст во кој се наоѓа ученикот се значајни за успешноста на советувањето. Таа се однесува на сеопфатно согледување на потребите и желбите, личните капацитети и способности, искуствата и целите поставени од ученикот и родителот/старателот. Во работата со родителите/старателите, психологот/педагогот го прилагодува начинот на комуникација на социо-културната средина и семејната состојба.

**Емпатичност** – Психолозите/педагозите се убедени дека изразувањето емпатија е од клучно значење за воспоставување интерперсонални односи, взаемно разбирање и меѓусебна доверба. Поаѓајќи од комплексноста на состојбата поврзана со семејството,

[9] https://www.unicef.org/northmacedonia/media/1806/file/MK_CRC_1990_MK.pdf

социо-емоционалното здравје на ученикот и сл., тие пристапуваат со разбирање при комуникацијата со ученикот и родителот/ старателот. При комуникацијата, тие овозможуваат учениците и родителите/ старателите да ги изнесат своите согледувања за настанатата ситуација и предлози за надминување на предизвикот со кој се соочуваат без да им го наметнуваат сопствениот став.

**Доверливост** – При советодавна работа со учениците и родителите/старателите може да се дојде до доверливи информации за ученикот, семејството и/или наставниците. Со своите постапки психолозите/педагозите ќе придонесат учениците и родителите/старателите да знаат дека таквите информации нема да бидат злоупотребени и да се здобијат со доверба за размена на сите информации што може да бидат релевантни во советувањето. Доверливоста е принцип којшто може да биде нарушен само во исклучителни услови (пр. кога неоткривањето на информацијата може да доведе до нарушување на физичкото и/или психичкото здравје на некој од учесниците во процесот).

**Професионалност** - Својата работа психолозите/педагозите ја извршуваат во рамки на своите професионални компетенции, стандардите за професионално однесување и кодексот на училиштето. Доколку при процесот на советување утврдат дека решавањето на постојната состојба излегува од рамките на нивните компетенции тие остваруваат соработка со други надлежни институции и стручни лица.

При советувањето, психолозите/педагозите се водат од принципите на професионален интегритет и објективност.

## 3. Пристапи во советодавната работа со ученици, родители/старатели

Во советувањето на родителите/старателите и учениците психолозите/педагозите применуваат индивидуално и/или групно советување, зависно од личноста и возраста на ученикот, видот, комплексноста на проблемот и специфичноста на опкружувањето.

**Индивидуалното советување** се реализира во случаи кога причините за советување вклучуваат една личност/семејство. Карактеристики на индивидуалното советување се тоа што: може да се прилагоди на конкретен ученик и родител/старател, комуникацијата меѓу родителот/старателот и стручниот соработник е поотворена, се обезбедува поголема доверливост; полесно се обезбедува навременост на советувањето и прилагоденост на термините и времетраењето.

**Групното советување** се реализира со помала или поголема група ученици или родители/старатели чиишто деца се соочиле со проблем којшто е заеднички (на пр. нарушување на куќниот ред, групно напуштање на наставата) или е присутен кај група ученици, (на пр. незадоволителен успех кај голем број ученици по определен предмет во една паралелка). Ваквиот вид советување се реализира и кога природата на проблемот е поврзана со односите во групата или односите на поединци кон групата, како и во случаи кога кохезивноста на групата може да придонесе за надминување на состојбата како и кога групата треба да постигне заеднички договор и да преземе одговорност.

Групното советување може да се реализира преку повеќе форми на групна работа (пример: работилници, дискусии, презентации). Составот на групата, динамиката и траењето на групните средби ќе зависат од видот и комплексноста на состојбата. Проценка за тоа прави психологот во соработка со друг стручен соработник, наставник или директорот.

Во советувањето на учениците и родителите/старателите може да се комбинираат двата прииода.

## 4. Содржини за индивидуално и групно советување

Содржините и темите за индивидуално и групно советување произлегуваат од предизвиците поврзани со учењето и однесувањето на учениците, во контекст на нивниот социјален, емоционален и когнитивен развој/развоен период низ кој минуваат и општата училишна клима. Од аспект на содржина, советувањето најчесто се однесува на справување со предизвиците со кои се соочуваат учениците во следните категории:

**Интерперсонални релации** – создавање социјални релации, почитување на нормите на однесување, развивање вештини за комуникација, потреба за внимание, справување со социјален притисок, справување со врсничко насилство и разрешување конфликти;

**Училиштен контекст** – тешкотии во усвојување на наставни содржини, намалена мотивација за учење, формирање на позитивен став кон учењето, подигнување на образовните аспирации, страв од испрашување, планирање на времето, справување со училишни обврски и задачи, проблеми со дисциплина;

**Семеен контекст** – односи со родителите/старателите, браќа и сестри, преголеми очекувања на родителите/старателите, промени во структурата на семејството, семејно насилство, ризични однесувања во семејството, (не)почитување на развојните и личните карактеристики на детето во семејството;

**Интраперсонален контекст** - криза на идентитет, слика за себе и јакнење на самодовербата, ниска самосвесност, емоционална саморегулација, адаптација во училишната средина, анксиозност, депресивна состојба, себеприфаќање, самоповредување, суицидални мисли, разни форми на ризично однесување.

Соодветно на тоа произлегуваат и темите за кои може да се зборува на советодавните средби. При изборот на теми, стручните соработници се водат од конкретните состојби и предизвици во училиштето и може да ги користат постоечките програми и корисни ресурси, како што се програмите за психосоцијална поддршка и унапредување на менталното здравје, програми за позитивно родителство, упатства за справување со насилство и други.[10]

## 5. Постапки за советување на ученици, родители/старатели

Предизвици со успех, редовност и однесување често се јавуваат кај исти ученици во подолг период, дури и во повеќе учебни години. Имајќи предвид дека наставниците и раководителите на паралелки се во секојдневна релација со учениците, тие први може да ги забележат промените што се јавуваат кај учениците, и согласно тоа да ги преземат првичните активности.

Кога преземените активности од страна на наставниците со учениците и нивните родители/старатели не дале резултати тогаш се организира и реализира советување од страна на психологот/педагогот во училиштето.

### 5.1 Активности со учениците и родителите/старателите што ги реализираат наставниците

Наставниците и раководителите на паралелка, согласно своите компетенции за работа со ученици и соработка со родители реализираат советување со учениците и нивните

[10] Онлајн обука за психосоцијална поддршка и унапредување на менталното здравје (само за регистрирани корисници, со најава на Едуино); Материјали за обуката за психосоцијална поддршка и унапредување на менталното здравје; Фер родител, фер дете [Електронски извор] : прирачник за позитивно родителство; Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, https://mon.gov.mk/content/?id=3288

родители/старатели, индивидуално или групно. За случаите во кои активностите преземени од наставниците и раководителите на паралелка не дале резултати (недоволна комуникација со родителите, не соработуваат во насока на надминување на состојбата, нема подобрување на однесувањето, успехот или редовноста кај учениците), раководителите на паралелките усно или писмено го информираат училишниот психолог, односно педагогот. При тоа раководителот на паралелка/наставникот го информира стручниот соработник и за преземените активности.

| Временски период | Активности кои се преземаат од страна на наставниците и раководителите на паралелките | Одговорни лица |
|---|---|---|
| Септември | Проверува степен на усвоеност на знаењата (предтест, тестови за повторување, наставни листови, квизови на знаење) | наставници |
| | Посветува дополнително внимание на учениците што имаат пониски постигнувања | наставници, раководител на паралелка |
| | Ги информира учениците, родителите/старателите за куќниот ред и кодексите на училиштето | раководител на паралелка |
| | Одржува родителска средба за спецификите на работа во тековната година, целите и потенцијалните тешкотии со кои учениците може да се соочат и дава насоки како тие и училиштето може да помогнат во нивна превенција и надминување | раководител на паралелка |
| Во текот на целата учебна година | Ги следи постигнувањата и однесувањето на учениците и реализира советодавни разговори со учениците и родителите/ старателите | раководител на паралелка |
| | Работи на мотивирање на учениците и подигнување на нивните образовни аспирации | раководител на паралелка |

| | | |
|---|---|---|
| | Го информира психологот, односно педагогот за ученик/ученици кои ги прекршуваат кодексите на училиштето во случаи кога активностите со учениците и родителите/старателите преземени од наставниците и раководителите на паралелките не дале резултати | раководител на паралелка |
| | Го информира психологот/педагогот за неоправдано отсуство од настава | раководител на паралелка |
| На крајот на секое тримесечје | Го информира психологот/педагогот за ученици што постигнале незадоволителен успех по три и повеќе предмети или значително понизок успех во споредба со претходното тримесечје | раководител на паралелка |

### 5.2 Советување од страна на психологот односно педагогот

Советувањето со родителите/старателите и со нивните деца се одвива истовремено или последователно, со цел да се обезбеди системски приод во спознавање на постојниот контекст и услови, односно состојбата, и да се изнајдат соодветни форми на поддршка на ученикот и на семејството.

**Цел на советувањето на учениците** е поттикнување на развојот на личноста на ученикот, подобрување на неговата добросостојба и адаптација во училишната средина преку промена на одредени облици на однесување и превенција од ризично однесување.

**Целта на советувањето на родителите/старателите** е унапредување на нивните знаења, ставови и вештини за поддршка на развојот на нивното дете.

Зависно од природата на проблемот и потребата на ученикот/учениците, психологот/педагогот проценува која форма на советување ќе ја примени (индивидуално или групно советување).

#### 5.2.1 Индивидуално советување на ученици

Индивидуалното советување на учениците дава можност за директна и интензивна комуникација, поддршка и соработка со ученикот. Тоа е форма на интеракција помеѓу училишниот психолог/педагог и ученикот во која тие:

- остваруваат релација на заемна доверба;
- работат заедно, преку искажување на идеи, мисли, чувства;

- го идентификуваат проблемот;
- заеднички остваруваат увид во тоа што му се случува на ученикот;
- разгледуваат начини и стратегии за реорганизација, унапредување на однесувањето на ученикот;
- ги спроведуваат договорените активности и заеднички ги проценуваат ефектите.

Времето и траењето на советувањето се планира во договор со ученикот и трае сè додека ученикот има потреба од таков вид поддршка.

| **Временски период** | **Активности кои се преземаат од страна на психологот/педагогот на училиштето** |
|---|---|
| По потреба, во текот на целата учебна година | се разговара за ситуацијата поради која ученикот е повикан на советување |
| | се разменуваат информации со ученикот кои се важни и корисни за разбирање и подобрување/надминување на ситуацијата |
| | се дискутираат можни приоди и стратегии за справување со состојбата, се договараат следните чекори и кој се треба да се вклучи за да се подобри состојбата |
| | ученикот се поддржува и му се помага во процесот на личните промени што треба да се случат кај него |
| | се постигнува договор за начинот на следење на промените во однесувањето на ученикот, и активностите кои останатите инволвирани во процесот се очекува да ги спроведат (родители, наставници, соученици, стручни соработници и др.) |
| | се врши проценка на ефектите од советувањето |

### 5.2.2 Индивидуално советување на родители/старатели

Индивидуалното советување на родителите од страна на психологот/педагогот во училиштето се реализира кога ќе се процени дека за надминување на одредена состојба неопходно е вклучување на родителите/старателите, со цел:

- да се разменат со родителите/старателите информации за ученикот кои се важни за понатамошна работа со него или се од доверлив карактер;
- брзо и навремено да се интервенира по настанат проблем;

- заедно со родителот/старателот да се изнајдат ефикасни начини за подобрување на состојбата;
- да се следи однесување на ученикот и превентивно да се делува.

Бројот, должината и времето на средбите зависат од секој конкретен случај и се договараат меѓу психологот/педагогот и родителот/старателот.

Родителот/старателот се повикува на индивидуално советување по телефон, електронска пошта или преку раководителот на паралелката. Доколку родителот/старателот не се јави на индивидуално советување по два последователни повици, училиштето му упатува писмена покана која е архивирана (Образец бр. 5).

| **Време на реализација** | **Активности што се преземаат од страна на психологот/педагогот на училиштето** |
|---|---|
| По потреба во текот на целата учебна година | родителот/старателот се повикува на индивидуално советување |
| | се опишува ситуацијата и се објаснува за потребата од советување |
| | со родителот/старателот се разменуваат информации кои се важни и корисни за подобрување/ надминување на состојбата. |
| | се дискутираат можни решенија, се договараат следните чекори и кој се треба да се вклучи за да се подобри состојбата |
| | со родителот/старателот се разгледува каква помош и поддршка треба да му се даде на ученикот |
| | се идентификуваат постоечки ресурси и извори на поддршка |
| | се договара начинот на следење на промените кај ученикот и идната комуникација со родителот/старателот |
| | се следат ефектите од советувањето |

### 5.2.3 Групно советување на ученици

Советувањето на учениците во група се реализира кога психологот/педагогот проценува дека групата може позитивно да влијае врз поттикнување на промени во однесувањето на учениците, подобрување на нивната позиција во групата и/или кога има потреба од психоедукација на одредена тема.
Тоа е форма на интеракција помеѓу училишниот психолог/педагог и групата ученици во која тие:

- разменуваат и споделуваат информации, идеи, мисли и чувства;
- развиваат свесност за важноста на групата и групната динамика;

- заеднички го идентификуваат проблемот и подобро ја разбираат својата улога во настанатата ситуација;
- ги преиспитуваат сопствените ставови и вредности;
- договараат промени во однесувањето кои ќе резултираат со надминување на состојбата;
- ги унапредуваат социјалните вештини.

Групното советување може да се реализира со иста група ученици повеќе пати, зависно од потребата. Една средба во рамките на групното советување би требало да трае приближно колку еден училиштен час, но доколку е потребно и подолго.

| **Форма на групно советување** | **Активности што се преземаат од страна на психологот/педагогот на училиштето** |
|---|---|
| Советување на ученици кои пројавуваат слично ризично однесување | учениците се информираат за терминот и просторијата за реализација на групното советување |
| | се договараат динамиката на средбите и правилата на однесување во групата |
| | се опишува ситуацијата и причината заради која се повикани на советување |
| | се споделуваат информации и гледишта за ситуацијата од страна на сите учесници во советувањето |
| | Се постигнува договор за воведување поинакви облици на однесување во насока на надминување на постојната состојба |
| | се договара што секој од учесниците во советувањето ќе преземе за надминување на состојбата |
| | се следи реализацијата на активностите и ефектите од советувањето. |
| Психолошки/ педагошки работилници | учениците се информираат за темата и времето на одржување на работилниците |
| | се формираат групи на ученици според интересот и/или потребата да учествуваат во одредени работилници |
| | се реализираат планираните активности |
| | се следат и проценуваат ефектите од работилниците |

### 5.2.4 Групно советување на родители/старатели

Групното советување на родители/старатели се реализира во случаи кога:

- повеќе ученици од иста паралелка или исто одделение или на ниво на цело училиште пројавуваат иста форма на ризично однесување;

- повеќе родители/старатели ќе покажат интерес за определена тема што може да им помогне во надминувањето на проблемите со кои се соочуваат нивните деца.

Во случај кога групното советување се организира заради нередовно посетување настава, опаднат успех или нарушување на куќниот ред на училиштето од страна на учениците, родителите/старателите се повикуваат на советување преку телефон, пошта со писмена покана, електронска пошта.

Психолошките/педагошки работилници може да бидат дел од програмата за едукација на родителите и за нив училиштето ги информира родителите на родителски средби, индивидуални средби и советувања, огласна табла или преку веб страната на училиштето.

| **Форма на групно советување** | **Активности што се преземаат од страна на психологот/педагогот на училиштето** |
|---|---|
| Советување на родители/старатели кога повеќе ученици од иста паралелка или исто одделение, или на ниво на училиште пројавуваат слично ризично однесување | се повикуваат родителите/старателите на групно советување (преку одделенските раководители или лично) |
| | се опишува ситуацијата и причината зошто се повикани на советување |
| | со родителите/старателите се разменуваат информации и гледишта за ситуацијата од страна на сите учесници во советувањето |
| | се дискутира за можни решенија на ситуацијата |
| | се идентификуваат постоечките ресурси и извори на поддршка |
| | се договара што секој од учесниците во советувањето ќе преземе за надминување на состојбата |
| | се следи реализацијата на активностите и ефектите од советувањето |
| Психолошки/педагошки работилници | родителите/старателите се информираат за темата и времето на одржување на психолошките работилници |
| | се формираат групи на родители/старателите според потребата или интересот за одредена работилница |
| | се реализираат избраните работилници |
| | се врши проценка на ефектите од работилниците |

## 6. Евиденција на преземените активности и постигнатите резултати

За спроведените индивидуални советувања со ученици и со родители/старатели се води евиденција во Образец 1 – Образец за индивидуални советувања со ученици и Образец 2 – Образец за индивидуални советувања со родители/старатели.

**Образец 1** содржи податоци за ученикот, предмет на советувањето/ситуацијата заради која ученикот е повикан на советување, информации корисни за надминување на проблемот, договорени активности (чекори) за надминување на проблемот, процес на поддршка на ученикот (помош за да се случат лични промени кај ученикот, следење на промените кај ученикот и ефекти од советувањето. За секој циклус на индивидуално советување се пополнува еден образец. Во делот Процес на поддршка на ученикот за секоја индивидуална средба се внесува датумот, поддршката која е дадена (активности) и потпис на ученикот.

**Образец 2** содржи податоци за родителот/старателот и за ученикот, предмет на советувањето/ситуацијата заради која родителот е повикан на советување, информации корисни за надминување на проблемот, договорени активности (чекори) за надминување на проблемот, процес на поддршка на родителот и следење на промените и ефекти од советувањето. За секој циклус на индивидуално советување се пополнува еден образец. Во делот Процес на поддршка на родителот за секоја индивидуална средба се внесува датумот, поддршката која е дадена (активности) и потпис на родителот/старателот.

За спроведените групни советувања со ученици и со родители/старатели се води евиденција во Образец 3 – Образец за групни советувања со ученици и Образец 4 – Образец за групни советувања со родители/старатели.

**Образец 3** содржи: причина за советување, предмет на советувањето/проблем што е решаван, други релевантни информации, тек на советувањето, договорени активности и ефекти од советувањето. За секој циклус на групно советување се пополнува еден образец. Во делот Тек на советувањето за секоја групна средба се внесува датумот и содржината на советувањето. Во состав на Образец 3 е листа на присутни ученици – име и презиме на ученикот, паралелка, датум на одржување на секоја од средбите и потпис на ученикот за секоја средба.

**Образец 4** содржи: причина за советување, предмет на советувањето/проблем што е решаван, други релевантни информации, тек на советувањето, договорени активности и ефекти од советувањето. За секој циклус на групно советување се пополнува еден образец. Во делот Тек на советувањето за секоја групна средба се внесува датумот и содржината на советувањето. Во состав на Образец 4 е листа на присутни

родители/старатели – име и презиме на родителот/старателот, име и презиме и паралелка на ученикот, датум на одржување на секоја од средбите и потпис на родителот/старателот за секоја средба.

Во случаи кога родителот/старателот по три последователни покани не се јавил на советување, и во случаи кога сите договорени и преземени активности за советување на учениците и на родителите/старателите не дале резултат и нема подобрување на состојбата, училиштето со официјален допис ги информира службите кои се надлежни за конкретната ситуација, како што се: Педагошката служба, овластениот просветен инспектор, државниот просветен инспекторат, центарот за социјална работа. Во дописот до надлежната институција се образложува ситуацијата и сите активности што се преземени од страна на училиштето со барање да се обезбеди соодветна поддршка од институцијата во рамки на нивните надлежности.

На крајот на секоја учебна година, училиштето прави анализа на ефектите од советувањата на учениците и родителите/старателите што е составен дел од годишниот извештај за работата на училиштето. Резултатите од анализата се користат за унапредување на практиките за советување на учениците и родителите/старатели.

**Образец 5** содржи податоци со назив на училиштето, број на покана, име и презиме на родителот/старателот кој се поканува и на ученикот и во кое одделение и паралелка учи; причината поради која е поканет родителот/старателот; информација за законска обврска за советување; како треба да постапи родителот/старателот во случај да не присуствува на советувањето; напомена за последиците по родителот/старателот поради отсуство од советување; датум на издавање и потпис на одделенскиот раководител и директорот на училиштето.

7.Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното утврдување и потпишување.

26-1621/1
12-06-2023
**Бр.**

**Министер за образование и наука,**

**Ministëri Arsimit dhe Shkencës,**

**Doc. Dr. Jeton Shaqiri**

Образец бр.1

Општинско основно училиште ______________________________

Образец
за индивидуални советувања со ученици

| Име и презиме на ученикот и паралелка | | |
|---|---|---|
| Предмет на советувањето/ ситуацијата заради која ученикот е повикан на советување: | | |
| Информации корисни за надминување на проблемот: | | |
| Договорени активности (чекори) за надминување на проблемот: | | |
| Процес на поддршка на ученикот (помош за да се случат лични промени кај ученикот) | | |
| Датум | Активности | Потпис на ученикот |
| | | |
| | | |
| | | |
| Следење на промените кај ученикот | | |
| Ефекти од советувањето: | | |

Реализатор на советувањето ______________________________

Образец бр.2

**Општинско основно училиште** ______________________________

**Образец**
**за индивидуални советувања со родител/старател**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на родител** | |
| **Име и презиме на ученикот и паралелка** | |
| **Предмет на советувањето/ ситуацијата заради која родителот/старателот е повикан на советување:** | |
| **Информации корисни за надминување на проблемот:** | |
| **Договорени активности (чекори) за надминување на проблемот:** | |
| **Процес на поддршка на родителот /старателот** | |

| **Датум** | **Активности** | **Потпис на родителот** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

| |
|---|
| **Следење на промените:** |

| Ефекти од советувањето: |
|---|
| |

Реализатор на советувањето ________________________________

Образец бр.3

**Општинско основно училиште** ________________________________

**Образец**
**за групни советувања со ученици**

| **Причина за советување:**<br>1. Несоодветно однесување<br>2. Намален училиштен успех<br>3. Нередовно посетување настава (неоправдано изостанување) | |
|---|---|
| **Предмет на советувањето/ проблем кој е решаван:** | |
| **Други релевантни информации:** | |
| **Тек на советувањето** | |
| **Датум** | **Содржина на советувањето** |
| | |
| | |
| | |
| **Договорени активности:** | |

**Ефекти од советувањето:**

Реализатор на советувањето ______________________________

**Листа на присутни ученици**

| Име и презиме на ученик | Паралелка | Датум и потпис на ученикот | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Образец бр.4

**Општинско основно училиште** ______________________________

## Образец

## за групни советувања со родители/старатели

| | |
|---|---|
| **Причина за советување:**<br>1. Несоодветно однесување<br>2. Намален училиштен успех<br>3. Нередовно посетување настава (неоправдано изостанување) | |
| **Предмет на советувањето/ проблем кој е решаван:** | |
| **Други релевантни информации:** | |
| **Тек на советувањето** | |
| **Датум** | **Содржина на советувањето** |
| | |
| | |
| | |
| **Договорени активности:** | |
| **Ефекти од советувањето:** | |

Реализатор на советувањето ______________________________

**Листа на присутни родители/старатели**

| Име и презиме на родител/старател | Име и презиме на ученикот и одделение | Датум и потпис на родителот | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Образец 5

ООУ „ ______________________________ “ општина ___________________ град ____________ упатува

**П О К А Н А бр. ________**

за советување родители/старатели

Се поканува на индивидуално/групно советување _______________________________________ родител/старател на __________________________________ ученик во __________ одделение:

Советувањето ќе се одржи на ден __________ во _________ часот од страна на училишниот психолог/педагог.

Родителот/старателот се повикува на советување поради:

- нередовно посетуваwе наставата од неоправдани причини, односно, ученикот/ученичката има повеќе од 10 неоправдани изостаноци;
- има незадоволителен успех (три или повеќе слаби оцени на крајот на тримесечјето или полугодието) или на ученикот/ученичката значително му опаднал успехот во однос на успехот во претходното тримесечје или во однос на претходната учебна година;
- манифестира различни форми на несоодветно однесување;
- друго.

Родителот/старателот е законски обврзан да присуствува на советувањето. Доколку од оправдани причини не може да присуствува, должен е да го извести раководителот на паралелката или психологот/педагогот непосредно пред советувањето или во рок од три дена по советувањето.

Датум ______________

Раководител на паралелка/психолог/педагог

_____________________________

Директор

_____________________________